

**Во знак на „добрососедство“**

Премиерот на Бугарија, Бојко Борисов, пред да ги смени нашите учебници по историја и да ја натера македонската комисија, предводена од академик Драги Ѓоргиев, да напише дека Бугарите не биле фашисти и окупатори, туку ослободители на Македонија, треба да се поклони пред споменикот во Ваташа, извинувајќи се за масакрот што бугарската држава го направила на 16 јуни 1943 година, ѕверски убивајќи 12 младинци од Ваташа, меѓу кои имало и деца што немале наполнето ни 15 години

Ако е за добрососедство, а не за бришење на соседите и нивната историја, премиерот на Бугарија, Бојко Борисов, во неделата на 16 јуни 2019 година требаше да допатува во Македонија и јавно да се извини за масакрот што неговата држава го направила на тој ден. пред 76 години, во селото Ваташа, Кавадаречко, кога биле убиени дванаесет младинци само затоа што биле Македонци. Бугарските фашисти на 16 јуни 1943 година ги стрелале Перо Илов, кој бил најмал со 15 години, Ванчо Гурев, Данко Давков, Илија Димов, Ристо Гондев, Блаже Ицев, Пане Мешков, Герасим Матаков, Диме Чекоров Пане Џунов, Ферчо Попѓорѓиев, Васо Хаџи-Јорданов, кој со дваесет и осум години бил најстар во групата. По капитулацијата во 1944 година, „добрососедската" држава на премиерот Борисов го признала масакрот, испорачувајќи ѝ ги на Македонија директните извршители на стрелањето во Моклиште.

**Ацо Шопов: Одмаздата му тежи на врагот!**

Големиот македонски поет Ацо Шопов за овој настан меѓу другото ќе напише: „Јуни. Тиквешко. 1943. Окупаторот беснее од немоќ. Ништо не го запира победоносниот разгор на сенародната борба. Ни јавните закани, ни затворите, ни претепувањата, ни убиствата одненадеж, во постела – дома, на нива, – во полето. Секоја закана е стократен гнев, секое убиство – повик за слобода. Тежи воздухот од одмазда, одмаздата му тежи на врагот. Над Ваташа се вгнездува ноќта, во ноќта се вгнездува врагот. Селото заспива опкружено од дива глутница. А во раниот изгрев – дванаесет удари со кундаци на дванаесет ваташки порти и страотен кучешки лај. Викотници, писоци, пцости. Дванаесет врзани младинци во селската кафеана…" Потоа пишува за сите дванаесет одделно, и на крајот, по потресната сцена на стрелањето, го завршува својот текст со „непрегледната сончева колона": „Ако не ве препознаат мајките, ќе ве препознае земјата, ќе ве препознае колоната во која мртви чекорите, непрегледна сончева колона на младоста."

Според Раде Гогов, сведок на настаните од 1943 година, на 16 јуни 1943 година, по неуспешниот обид за деноноќна осумдневна офанзива од 7 до 15 јуни за да ги уништи партизанските одреди „Добри Даскалов" и „Сава Михајлов", кои оперираат во Тиквешијата, бугарските окупатори со големи воени и полициски сили извршиле блокада на Ваташа, Кавадарци и Неготино:

„Бугарскиот окупатор во таа акција уби неколку партизани во заседа, две мајки на партизани и уште неколку лица, што беше малку за нивниот план да го уништат движењето. Бугарскиот окупатор и неговите разбеснети војници и полицајци во Тиквешко го запомнија оружјето на Македонците. За осум дена колку што траеше нивната офанзива до стрелањето на ваташките деца, триесет окупаторски војници и полицајци ги оставија коските во земјата што им беше туѓа, не нивна, а педесет ќе носат белези по телата, главите и нозете сè додека бидат живи. Полковникот Апостолов, оној што ја даде наредбата за стрелање на младинците, по капитулацијата на Бугарија на 9

септември 1944 година, успеа да избега во Софија. Неколку дена потоа некој Тиквешанец, кој бил интерниран во Бугарија, го сретнал на улица и со помош на неколкумина другари го фатил и го однел во македонската народноослободителна бригада „Гоце Делчев“. Крвникот сè уште носел полковничка униформа.

По налог на новата бугарска отечественофронтовска влада го спровеле во Скопје, а потоа во Кавадарци. Кога разбрале за тоа мајките на стреланите деца, веднаш пристигнале во Кавадарци, влегле во затворот и за малку ќе го отепале. Тој е изведен пред народниот суд, во салата на Монополот, и е осуден на смрт со стрелање. Го воделе пеш кон Возарци на околу еден километар од градот, а војниците од народната одбрана одвај успеале да го спасат од народот. Кога му ги врзале очите и го наместиле пред ископаниот гроб, стотици камења летнале кон него, врз човекот што не беше тоа. И другите виновници поминаа исто или слично. Поручникот Костов и Петко Опреков беа ликвидирани, додека Димитар Раев, Асен Богданов и Борис Жуглов беа осудени на смрт во Скопје и стрелани“, пишува првоборецот Раде Гогов.

**Невена и Ката го гледале стрелањето на своите браќа!**

Ваташанката Павлина Касапинова, една од четирите девојки што биле со колоната за стрелање, но сепак имале среќа да преживеат, во едно во сеќавање вели: „Неколкумина од другарите имаа часовници. Војниците, откако ги избодеа, ги ограбија по смртта!“ Другарките Невена и Ката го гледале стрелањето на своите браќа, Васо Хаџи Јорданов и Блаже Ицев. Кате Ицева подоцна има изјавено: „Уште недоубиени, нас младинките нè тераа да седиме до нив, туркајќи нè со пиштолите в рака. Ние мислевме дека и нас ќе нè стрелаат и при туркањето бевме испрскани со крвта на нашите браќа и другари“. И Невена Махајлова Хаџи Јорданова, една од младинките што била во групата, никогаш не го заборави тој 16 јуни 1943 година: „Тргнавме кон месноста Моклиште. Бев изненадена што нè водат кон Моклиште, а не кон Кавадарци, како што мислевме, на ново сослушување. Никој немаше низ селото, луѓето не смееја да погледнат ниту низ прозорците. Затоа и никој во Ваташа не знаеше дека нè водат кон Моклиште… Беше голема горештина. Полека одевме нагоре, претепани, а бевме и гладни и жедни. Веројатно беше околу 12 часот кога ни пријде поручникот Костов и нè праша дали е далеку Моклишкиот манастир. Кога разбра дека има уште еден час одење нареди да се запрат момчињата што беа пред нас. Кога ги стигнавме, видовме дека се бледи и изнемоштени. Нè чекаа кај Дуловото Долче, под една сенка. Брат ми Васо му пријде на Опреков и му рече дека не ја затворил кафеаната. 'Ќе ја затвори татко ти‘, одговори тој.

Тодор АТАНАСОВСКИ — ЈАНЕ

## ВАТАШКОТО ЗЛОСТОРСТВО НА БУГАРСКИТЕ ФАШИСТИЧКИ ОКУПАТОРИ

Стрелањето на ваташките деца не е само бескруполозно злосторство на бугарските фашистички окупатори врз македонскиот народ и неговата непокорена младост, туку и еден од низата настани што ја означуваат 1943 година како преломна во подемот на Народноослободителната војна на народот во Македонија. Окупаторо конечно ги симна маските. Окупацијата не е прифатена, бугаризацијата никако, а на „новиот поредок" македонскиот народ м објави војна. Ако „Дабничкото клање" (1942) беше замислено з заплашување на народот и за задушување на неговата народноослободителна борба во пораната фаза, „Тиквешкото клање", во рамките на кое е извршено ваташкото злосторство, веќе е војна помеѓ фашистичкиот окупатор и македонскиот народ и неговата војск — партизанските одреди. Првото „Тиквешко клање" се израз преку редица злосторства извршени врз народот во Тиквешијат во рамките на окупаторската мајско-јунска воено-полициска офа зива против партизанските одреди на III оперативна зона. Тоа с убиствата на родители на партизани од Кавадарци и од с. Шиве стрелањето на заробените борци од одредот „Добри Даскалов": М ле В'чков, Манчо Малиминов, В. Гунов, Цано Поп Ристов и повеќ други, како и теророт, убиствата и палежите низ селата (Клиново интернирањето и депортирањето на многубројни помагачи и си патизери на движењето и низа репресалии.

### Ситуацијата што ѝ претходеше на мајско-јунската окупаторска воено-полициска офанзива

Организираните сили на НО движење на Македонија, и покра вонредните тешкотии и силните окупаторски репресалии, не дозв лија да се прекине еднаш веќе започнатата оружена борба. Н просторот на Тиквешијата кон крајот на 1942 година е забележли организационото јакнење на НО движење. Покрај прифаќањето дел од борците од другите краишта и одреди, извршени се и зн чајни подготовки за формирање на нови партизански одреди. Так веќе кон крајот на април 1943 година се формира гевлегискиот па

[illegible] https://www.novamakedonija.com.mk/makedonija/ [illegible]